# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 81 Год. LXV Вторник, 30 јуни 2009 Цена на овој број е 190 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1444. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување................................ | 2 |
| 1445. | **Закон** за изменување на Законот за облигационите односи......................... | 3 |
| 1446. | **Одлука** за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски..... | 4 |
| 1447. | **Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување................................ | 4 |
| 1448. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Канада... | 4 |
| 1449. | **Одлука** за изменување на Статутот на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост....................... | 4 |
| 1450. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за престанок на користење и за давање на користење на недвижни ствари.................................. | 5 |
| 1451. | **Решение** за разрешување од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Стрежево“ – Битола.. | 5 |
| 1452. | **Решение** за именување заменик на директорот на Управата за јавни приходи....................................................... | 5 |
| 1453. | **Решение** за именување директор на Агенцијата за развој и инвестиции...... | 5 |
| 1454. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ – Скопје............................. | 6 |
| 1455. | **Решение** за именување на Совет за концесија/јавно приватно партнерство | 6 |
| 1456. | **Правилник** за начинот и постапката на регистрација на возилата................ | 6 |
| 1457. | **Правилник** за начинот и постапката на полагање на стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на техничкиот преглед, формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испити од страна на комисијата................................ | 8 |

Стр.

1458. **Правилник** за изменување на Правилникот за квалитет на течните горива..... 12
1459. **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на субјектите на технолошкиот развој..... 13
1460. **Правилник** за начинот на користењето на средствата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој....... 17
1461. **Одлука** за избор на судии на Апелациониот суд Скопје.............................. 18
1462. **Одлука** за избор на судии на Апелациониот суд Штип................................ 18
1463. **Одлука** за избор на претседател на Основен суд Куманово......................... 18
1464. **Одлука** за избор на претседател на Основен суд Ресен................................ 18
1465. **Одлука** за избор на претседател на Основен суд Крушево.......................... 19
1466. **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... 19
1467. **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. 20
1468. **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. 20
1469. **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности..................................... 20
1470. **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. 21

Стр.

1471. **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности..................................... 21
1472. **Одлука** за избор на јавен обвинител во Јавното обвинителство без ограничување на траење на мандатот............ 21
1473. **Одлука** за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.............................................. 21
1474. **Одлука** за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола............................................... 22
1475. **Одлука** за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство во Скопје.................................................... 22
1476. **Одлука** за избор на јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија................................... 22
1477. **Одлука** за избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства...... 22
1478. **Одлука** за избор на јавни обвинители во Основните јавни обвинителства...... 23
1479. **Оглас** за избор на јавни обвинители... 23
1480. **Правилник** за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци...................... 24
1481. **Правилник** со тарифа за измени и дополнување на Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела....................................................... 27
**Огласен дел**.......................................... 1-52


---

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1444.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2009 година.

Бр. 07-2897/1
29 јуни 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008 и 161/2008), во членот 37 став 1 во вториот и третиот ред зборот “движењето“ се заменува со зборот “порастот“, а зборот “нето“ се брише.

Во ставот 2 во третиот и петтиот ред зборот “движењето“ се заменува со зборот “порастот“, а зборот „нето“ се брише.

Член 2

Во периодот од 1 јули 2009 до 31 декември 2009 година усогласувањето на пензијата се врши според порастот на индексот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија во висина од 20%.

Пензијата од ставот 1 на овој член се усогласува од 1 јули 2009 година според процентот кој се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а членот 1 од овој закон ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor "Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 135/2007, 152/2008 dhe 161/2008, në nenin 37 paragrafi 1 në rreshtin e dytë dhe të tretë fjala "lëvizja" zëvendësohet me fjalën "rritjen", kurse fjala "neto" fshihet.

Në paragrafin 2 në rreshtin e tretë dhe të pestë fjala "lëvizja" zëvendësohet me fjalën "rritjen", kurse fjala "neto" fshihet.

Neni 2

Në periudhën nga 1 korriku 2009 deri më 31 dhjetor 2009 harmonizimi i pensionit bëhet sipas rritjes së indeksit të shpenzimeve të jetës në lartësi prej 50% dhe rritjes së rrogës mesatare të paguar për të gjithë të punësuarit në Republikën e Maqedonisë në lartësi prej 20%.

Pensioni nga paragrafi 1 i këtij neni harmonizohet nga 1 korriku 2009 sipas përqindjes që fitohet si shumë e rritjes së indeksit të shpenzimeve të jetës në gjysmëvjetorin paraprak dhe përqindjes së rritjes së rrogës së paguar mesatare për të gjithë të punësuarit në Republikën e Maqedonisë në gjysmëvjetorin paraprak në raport me gjysmëvjetorin që i paraprin.

Neni 3

Autorizohet Komisioni juridiko-ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të verifikojë tekst të spastruar të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse neni 1 i këtij ligji do të zbatohet nga 1 janari 2010.

**1445.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за облигационите односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јуни 2009 година.

Бр. 07-2952/1
30 јуни 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008), во членот 139 зборовите: "1 јули 2009 година“ се заменуваат со зборовите: "1 јануари 2010 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR MARRËDHËNET OBLIGATIVE

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për marrëdhëniet obligative ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 84/2008), në nenin 139 fjalët: "1 korrik 2009" zëvendësohen me fjalët: "1 janar 2010".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**1446.**

Врз основа на членот 76 ставови 2 и 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА АНКЕТНА КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИТЕ НА ЗАГИНУВАЊЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БОРИС ТРАЈКОВСКИ

Член 1

Во Одлуката за основање на Анкетна комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/2008), во членот 4 зборовите: „шест месеца” се заменуваат со зборовите: „18 месеца”.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-2888/1
29 јуни 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1447.**

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2009), е направена грешка поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Во членот 27 наместо бројот „27“ треба да стои бројот „37“.

Бр. 10-2720/17
26 јуни 2009 година
Скопје

Од Законодавно-правната
комисија на Собранието на
Република Македонија

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1448.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

## У К А З
## ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАНАДА

I

Г-дин Сашко Насев, се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Канада.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 5
26 јуни 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1449.**

Врз основа на член 383 став 1, алинеја 1, член 417 и 418 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05 и 25/07), Владата на Република Македонија, во својство на Собранието на Друштвото, на седницата одржана на 23.06.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА АД – СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Статутот на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/07, 158/08 и 21/09), во членот 7, став 1, се менува и гласи:

„Основната главнина на Друштвото изнесува 276.345.000 денари, односно 4.500.000 евра и тоа 3.500.000 евра во непаричен влог, согласно проценка на овластен проценител и 1.000.000 евра паричен влог според средниот курс на Народната банка на Република Македонија, уплатен при уписот на Друштвото.“

Член 2

Надзорниот одбор на Друштвото ќе подготви пречистен текст на Статутот, кој ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2994/1 Претседател на Владата
23 јуни 2009 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**1450.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

Во Одлуката за престанок на користење и за давање на користење на недвижни ствари бр. 19-2601/1 од 14.07.2005 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/05) во член 1 во став 1 точката 1 се менува и гласи:

„1. Земјиште во вкупна површина од 13.980,00 м2 од кое земјиште под објектите бр. 2, 3, 5, 10, 12, 13 и 17 во вкупна површина од 1.301,00 м2, лоцирани на К.П. бр. 3967, за КО Крива Паланка, евидентирани во Имотен лист бр. 1576“.

По точката 7 се додава нова точка 8 која гласи:

„8. Земјиште во вкупна површина од 11.900,00м2 од кое земјиште под објекти бр. 1, 4, 6, 7, 8, 9, 11, 14 и 15 во вкупна површина од 930,00 м2, лоцирани на К.П. бр. 3967, за КО Крива Паланка, евидентирани во Имотен лист бр. 1576“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Недвижните ствари од став 1 точките 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член се даваат на користење на Министерството за внатрешни работи, а недвижната ствар од точка 8 се дава на користење на Министерството за образование и наука“.

Член 2

Во член 2 во четвртиот ред сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: „Министерство за внатрешни работи“, се додаваат зборовите: „и Министерството за образование и наука“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3059/1 Претседател на Владата
23 јуни 2009 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**1451.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 јуни 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ – БИТОЛА**

1. Љупчо Бошевски се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-2888/2 Заменик на претседателот
23 јуни 2009 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1452.**

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/2005 и 81/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јуни 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

1. За заменик на директорот на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Аљаудин Зекири.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-3021/1 Заменик на претседателот
16 јуни 2009 година на Владата на Република
Скопје Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1453.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002 и 82/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јуни 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ**

1. За директор на Агенцијата за развој и инвестиции се именува Џелал Рамадани.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-3022/1
16 јуни 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1454.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 јуни 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ" – СКОПЈЕ**

1. Неџати Мехмед се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје.

2. За член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје се именува Едис Хасан.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-3189/1
23 јуни 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1455.**

Врз основа на член 8 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 139/2008 и 64/2009) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008 и 82/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 2009 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА СОВЕТ ЗА КОНЦЕСИЈА/ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

1. Со ова решение се именува Совет за концесија/јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: Советот), во состав:

а) за претседател

- Јордан Трајковски, експерт од областа на економијата

б) за заменик на претседателот

- Снежана Петковска, раководител на сектор во Министерството за економија

в) за членови:

- Божидар Стојчев, државен советник во Министерството за транспорт и врски,
- Никола Николиќ, раководител на одделение во Секретаријатот за законодавство,
- Маре Богева Мицовска, директор на Бирото за јавни набавки, орган во состав на Министерството за финансии,
- Никица Панова, раководител на сектор во Министерството за здравство,
- Славица Синџировска, раководител на сектор во Министерството за образование и наука,
- Драгана Черепналковска, од Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Наташа Вртеска, правен советник во Заедницата на единиците на локалната самоуправа,
- Лазар Котевски, градоначалник на Општина Новаци од Заедницата на единиците на локалната самоуправа,
- Ивона Лазарова, експерт од областа на економијата.

г) за секретар на Советот

- Васка Кантурска Балевска, раководител на одделение во Министерството за економија.

2. Членовите на Советот се именуваат за период од една година.

3. Организационите и административно - техничките работи за потребите на Советот ги врши Министерството за економија.

4. Со донесувањето на ова решение престанува да важи Решението за именување на Советот за концесија/јавно приватно партнерство бр. 33-669/1 од 29 јануари 2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2008).

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-3190/1
26 јуни 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**1456.**

Врз основа на член 27 став 1 алинеја 1 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/2008), министерот за внатрешни работи донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛАТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на регистрација на возилата.

Член 2

Регистрација на возилата се врши со впишување на регистарската ознака и на определени податоци за возилото и сопственикот на возилото во евиденцијата за регистрирани возила.

При регистрација на возило со вграден уред за погон на алтернативно гориво, покрај податоците од ставот 1 на овој член, во сообраќајната дозвола во просторот за забелешка се запишува и соодветен текст од наводите во согласноста за регистрација, односно потврдата за преправка на возилото, издадени од овластен технички сервис.

Член 3

Регистрација на возила се врши по поденесено барање за регистрација на возила.

Барањето од ставот 1 на овој член го поднесува сопственикот, односно корисникот на возилото, по исполнување на условите утврдени со закон и констатирана техничка исправност на возилото, освен за возила за кои техничкиот преглед не е задолжителен согласно закон.

Корисникот на возилото со барањето за регистрација покрај доказите утврдени со закон приложува и писмена согласност од сопственикот на возилото заверена од нотар.

Барањето за регистрација се поднесува до надлежната организациона единица на Министерството за внатрешни работи или до овластено правно лице за вршење технички преглед на возила (во натамошниот текст: субјект надлежен за регистрација).

Член 4

Во барањето за регистрација, се запишуваат техничките податоци за возилото од документацијата на производителот за возилото или од признати каталози за возилото. Точноста на внесените податоци ја заверува овластениот работник на субјектот надлежен за регистрација.

Член 5

Барањето за регистрација на возила на дипломатските и конзуларните претставништва и на мисиите на странски држави, претставништва на меѓународни организации во Република Македонија и странски трговски, сообраќајни, културни и други претставништва во Република Македонија, се поднесува до надлежниот субјект за регистрација.

При поднесувањето на барањето од ставот 1 на овој член, се поднесува и доказ за:

- сопственост на возилото ако возилото првпат се регистрира, односно доказ за потеклото ако возилото веќе било регистрирано;
- регулирани царинските и даночните обврски за возилото;
- техничка исправност на возилото и
- извршено осигурување.

Покрај доказите од ставот 2 на овој член, членовите на персоналот на претставништвата и мисиите од ставот 1 на овој член поднесуваат на увид и важечка дипломатска, конзуларна, службена или специјална лична карта.

Кон барањето за регистрација на возила на странски трговски, сообраќајни, културни и други претставништва и на странски дописништва, покрај доказите од ставот 2 точки од 1 до 4 на овој член, се приложува и решение за упис во регистарот на претставништва на странски лица во Република Македонија.

Странците – постојани службеници во странските трговски, сообраќајни, културни и други претставништва, кон барањето за регистрација, покрај доказите од ставот 2 точки од 1 до 4 на овој член, приложуваат и потврда за вработување во странското претставништво, издадена од тоа претставништво и потпишана од овластено лице на претставништвото.

За возилата на странците во културните претставништва и во странските дописништа, како и на постојаните странски дописници, кон барањето за регистрација, покрај доказите од ставот 2 точки од 1 до 4 на овој член, се приложува и доказ од надлежен орган кај кого во Република Македонија се регистрирани за вршење на својата дејност.

Странците кои заради школување, специјалзација, научно истражување, вработување или вршење на професионална дејност, давање азил или признавање на статус на бегалец, постојано или повремено престојуваат во Република Македонија повеќе од шест месеци, покрај доказите од став 2 точки од 1 до 4 на овој член, кон поднесеното барање за регистрација поднесуваат и доказ за регулиран престој во Република Македонија.

Член 6

Возилото нема да се регистрира ако:

1. не постојат соодветни докази за сопственоста, односно потеклото на возилото, како и за сопственоста и потеклото на шасијата што дополнително е вградена во возилото;
2. возилото е поединечно составено, а сопственикот, односно корисникот на возилото не поседува доказ за потеклото на шасијата како доказ дека истата е одјавена од надлежниот орган каде што претходно возилото било регистрирано;
3. не е дозволено да сообраќа на територијата на Република Македонија, односно ако според прописите на Република Македонија не може да се регистрира, односно користи;
4. не се извршени обврските од член 5 став 2 алинеи 2 и 4 на овој правилник;
5. не постои доказ за техничка исправност на возилото и уверение за извршено испитување кога возилото е поединечно произведено, составено или преправено;
6. не постои доказ за сообразност на возилото со важечките хомологациските прописи во Република Македонија, освен во случаи утврдени со закон и
7. возилото има уреди и ознаки на возило на Министерството за внатрешни работи, на службата за брза помош и на противпожарната служба, а намената му е променета.

Член 7

При прва регистрација на возилото, кога се исполнети условите утврдени со закон и по извршениот технички преглед на кој е констатирана техничката исправност на возилото се издаваат регистарски таблици согласно закон и се врши заверка на извршената регистрација на возилото во сообраќајната дозвола за времето за кое е склучено задолжителното осигурување, а во случај на продолжување на регистрацијата, се врши само заверка на извршената регистрација на возилото во сообраќајната дозвола.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за регистрација на моторни и приклучни возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2008) и Правилникот за регистрација на запрежните возила („Службен лист на СФРЈ" бр. 39/85).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."

Бр.14.1-40736/1 Министер
19 јуни 2009 година за внатрешни работи,
Скопје м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

**1457.**

Врз основа на член 67 став 1 алинеја 5 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08), министерот за внатрешни работи донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ, НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ И ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ СТРУЧНИ ИСПИТИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на полагање на стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на технички преглед, формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испит од страна на комисијата.

### II. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

Член 2

Стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на технички преглед (во натамошниот текст: стручниот испит) се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи.

Стручниот испит се полага пред комисија формирана од страна на министерот за внатрешни работи (во натамошниот текст: комисијата).

Член 3

Стручниот испит се спроведува писмено на претходно изготвен тест од страна на комисијата.

Член 4

Тестот содржи определен број прашања на кои одговорите се даваат на начин определен во тестот.

Точните одговори на прашањата од тестот се вреднуваат со бодови зависно од содржината и сложеноста на прашањето.

Член 5

Правните лица за технички преглед треба да го пријават полагањето на стучниот испит за своите кандидати.

Правните лица од ставот 1 на овој член поднесуваат пријава за полагање на стучниот испит до комисијата.

Член 6

Комисијата ги известува правните лица од членот 5 на овој правилник за времето и местото на спроведување на стучниот испит најдоцна до 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Член 7

Пред почеток на полагање на стручниот испит членовите на комисијата го утврдуваат идентитетот на пријавените кандидати.

Член 8

Прашањата содржани во тестот од членот 3 на овој правилник кандидатот треба да ги одговори во рок од 60 минути од почетокот на спроведувањето на стручниот испит.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член комисијата ги собира тестовите на кандидатите и со тоа стручниот испит завршува.

Член 9

Ако кандидатот не пристапи кон полагање на стучниот испит или пред почетокот на стручниот испит се откаже од полагањето, комисијата смета дека кандидатот не го полагал испитот.

Ако кандидатот се откаже од веќе започнатото полагање на стучниот испит, комисијата смета дека кандидатот не го положил стручниот испит.

Член 10

Ако на стручниот испит кандидатот се служи со недозволени средства – користење на учебници или белешки, препишување и слично, комисијата го отстранува таквиот кандидат од стручниот испит и се смета дека кандидатот не го положил испитот.

Член 11

Кандидатот кој не го положил стручниот испит, се пријавува од страна на правното лице од членот 5 на овој правилник за повторно полагање на стручниот испит најдоцна до 30 дена од денот на добивање на резултатите од стручниот испит.

### III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ

Член 12

Образецот на потврдата за положен испит, кој е составен дел на овој правилник, е изработен на хартија во бела боја со димензии 210 х 297 мм.

Член 13

Потврдата за положен испит (во натамошниот текст: потврдата) содржи: грб и име на Република Македонија, назив на органот што ја издава потврдата, број, датум и место на издавање на потврдата, текстот: Врз основа на член 66 став 1 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08), комисијата формирана од Министерството за внатрешни работи издава, натпис: "ПОТВРДА за положен испит", име, татково име и презиме на кандидатот, датум, место и држава на раѓање, место на живеење, односно престојување, улица и број на живеалиштето, односно престојувалиштето, ЕМБГ, ден, месец и година на одржување на стручниот испит, текстот: го положи стручниот испит за извршување на работи на технички преглед и обновување на знаењето, место за печат и потпис на претседателот на комисијата.

## IV. НАЧИН НА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 14

Врз основа на поднесените пријави од стана на правните лице од членот 5 на овој правилник, комисијата изготвува записник за пријавените кандидати кои го полагаат стручниот испит на тој ден.

Член 15

Комисијата во полн состав ги разгледува и оценува собраните тестовите.

По оценувањето на тестовите, сите членови на комисијата го потпишуваат секој тест на кандидатите.

Член 16

Комисијата смета дека кандидатот го положил тестот ако со одговорите на поставените прашања од тестот освоил најмалку 90% од пропишаниот број на позитивни поени.

Член 17

Освоениот број на бодови, комисијата го запишува во записникот за пријавени кандидати.

Во записникот се запишуваат и личните податоци за кандидатите кои го положиле стручниот испит и за кандидатите кои не го положиле стручниот испит.

По завршување на активностите од ставовите 1 и 2 на овој член, члековите на комисијата го потпишуваат записникот.

Член 18

Комисијата писмено ги известува правните лица од членот 5 на овој правилник за резултатите на кандидатите кои го полагале стучниот испит.

Во прилог на известувањето од ставот 1 на овој член комисијата доставува до правните лице примерок од записникот и потврдата за положениот стручен испит за кандидатите кои го положиле испитот.

## V. ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 19

Стручниот испит се полага согласно Програмата за полагање на стручниот испит, која е дадена во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 20

Програмата за полагање на стручен испит ја сочинуваат прашања од следниве области:

I. правна регулатива;

II. мотори и моторни возила и

III. техничка опрема и уреди.

## VI. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ СТРУЧНИ ИСПИТИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА

Член 21

За спроведените стручни испити комисијата води евиденција.

Евиденцијата од став 1 на овој член се води во укоричена книга.

Секоја страна од книгата има реден број напишан со арапски броеви, по растечка големина.

Член 22

Книгата од членот 21 на овој правилник ги содржи следните рубрики: реден број, име и презиме на кандидатот, живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот, датум на спроведување на стручниот испит, број на освоени поени, оценка за постигнатиот успех и кој пат полага.

Во рубриката реден број се запишува редниот број на уписот; во рубриката име и презиме на кандидатот се запишуваат името и презимето на кандидатот за полагање на стручниот испит; во рубриката живеалиште се запишуваат живеалиштето или престојувалиштето на кандидатот за полагање на стручниот испит; во рубриката единствен матичен број на граѓанинот се запишува единствениот матичен број на кандидатот за полагање на стучниот испит; во рубриката датум на спроведување на стручниот испит се запишува денот, месецот и годината кога е спроведен стручниот испит; во рубриката број на освоени поени се запишуваат вкупно освоените поени на кандидатот од спроведениот стручен испит; во рубриката оценка за постигнатиот успех се запишува дали кандидатот го положил или не го положил стручниот испит; во рубриката кој пат полага се запишува колку пати претходно канидатот се обидувал да го положи стручниот испит.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2010 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 14.1-42215/1 | Министер |
| 25 јуни 2009 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р. |

**Образец број 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**Број ________________________**

**________________________година**

**______________________________**

**(место)**

Врз основа на член 66 став 1 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), комисијата формирана од Министерството за внатрешни работи издава

# П О Т В Р Д А

## за положен испит

_______________________________________________, роден-а______________________

(име, татково име и презиме на кандидатот) (датум, место и држава на раѓање)

од_________________ улица ____________________ број _______, ЕМБГ _____________

(живеалиште, престојувалиште)

на ден _____________ година, полагаше стучен испит и

**ГО ПОЛОЖИ СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД**

**М.П.** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА**

______________________________

**Прилог број 2**

## ПРОГРАМА
## ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ

### I. ПРАВНА РЕГУЛАТИВА

1. Закон за возила („Службен весник на Република Македонија" број 140/2008):
-Општи одредби;
-Услови за пуштање на пазар и почеток на користење на производите;
-Техничка исправност на возилата;
-Услови за извршување на работите и
- Надзор.
2. Поблиски прописи за:
-техничките барања за одделни категории на возила, нивните системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема, димензиите, вкупни маси и осното оптоварување, како и техничките барања за единечни возила;
-задолжителна опрема на возилото, велосипедот и запрежното возило за безбедно учество во сообраќајот на патиштата, како и на трактори за безбедно извршување на земјоделски, односно шумски работи;
-посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат група на деца;
-барања што треба да ги исполнуваат возилата за да бидат технички исправни, како и за начинот и постапката за вршење на технички преглед;
-промени на возилата што не значат преправка и поправка и начинот на нивното евидентирање;
-начинот и постапката на извршување на прегледот на техничката исправност на возилата со кои се извршува превоз во сообраќајот на патиштата;
-начинот и постапката за издавање на доказ и
-формата и содржината на налепницата за извршен технички преглед.

### II. МОТОРИ И МОТОРНИ ВОЗИЛА

1.Дефиниција и поделба на моторните и приклучните возила;
2.Опис на моторното возило;
3. Мотор (класификација на моторите со внатрешно согорување и главни делови на моторот);
4. Напојување на моторот со течно гориво;
5. Преносен механизам:
-Спојка;
-Менувач;
-Зглобен пренос;
-Кардански зглоб;
-Други зглобови;
-Мостови кај моторните возила;
-Погонски мост и
-Диференцијал.
6. Пружини;
7. Амортизери;
8. Тркало на возилото:
-Диск;
-Наплатка;
-Пневматици;
-Димензии и ознаки на пневматиците;
-Пневматици без внатрешна гума (тубелест);
-Регулирање на положбата на предните тркала;
-Трага на тркалата;
-Нагиб на тркалата;
-Затур на тркалата и
-Уред за централно регулирање на притисокот на воздухот во пневматиците.
9. Уред за управување:
-Опис и улога на главните делови;
-Преносник на управувачот;
-Преносник со серво уред;
-Хидроуличен серво управувач;
-Пневматски серво управувач и
-Преносен механизам за управувачот.
10. Уред за кочење:
-Сопирачки;
-Механички кочници;
-Механичко помошна кочница;
-Хидраулични кочници;
-Пневматски кочници;
-Манометар;
-Серво кочници;
-Механичка серво кочница;
-Хидро-пневматски серво кочници и
-Хидро-вакумски кочници.
11. Уред за одредување на согорените гасови:
-Издувни гасови и
-Бучност кај возилата.
12.Светлосни и светлосно-сигнални уреди:
-Светлосни уреди за осветлување на патот;
-Рефлектори (фарови);
-Релулирање на рефлекторот;
-Останати светла за осветлување на патот;
-Светлосни уреди за означување на возилото;
-Позициони светла;
-Светло за регистарската таблица;
-Габаритни светла;
-Останати светла;
-Светлосно сигнални уреди;
-Покажувачи на правец;
-Стоп светла;
-Внатрешни светла за осветлување;
-Внатрешни светла за сигнализација;
-Помошно светло и
-Светлосно рефлектирачка опрема.
13. Останати уреди на моторното возило:
-Осигурувачи;
-Брзинометар со патомер;
-Тахограф;
-Уреди кои овозможуваат нормална видливост;
-Ветробранско стакло;
-Уред за бришење на ветробранот;
-Уред за перење на ветробранот;

-Уред за одмрзнување и одмаглување на ветробранот и

-Возачки огледала.

14. Опрема на возилото:

-Брави на возилото;

-Сигурносни појаси;

-Зимска опрема на возилото;

-Влечен уред на возилото;

-Апарат за гаснење на пожар;

-Знак за означување на сопрено возило на коловозот (триаголник) и

-Табла за задолжителна опрема.

## III. ТЕХНИЧКА ОПРЕМА И УРЕДИ

1. Каналска дигалка:

-Видови на каналски дигалки и

-Ракување со каналски дигалки.

2. Уред за мерење на слободниот од на тркалото (воланот) од управувачот и

-Ракување и мерење со уредот.

3. Уред за контрола на насоченоста на светлата и проверка на јачината на светлосниот сноб:

-Видови на уреди и принцип на работа и

-Ракување и мерење со уредот.

4. Уред за мерење на волуменскиот процент на јаглен моноксид во издувните гасови на возилата со бензиски мотор:

-Видови на уреди;

-Принцип на работа и

-Ракување и мерење со уредот.

5. Уред за мерење на радио печките кои ги предизвикува возилото:

-Видови уреди и принцип на работа и

-Ракување и мерење со уредот.

6.Уред за проверка на исправноста на елементите од системот за еластично потпирање:

-Видови уреди и принцип на работа и

-Ракување и мерење со уредот.

7. Уред за мерење на бучавата што ја емитуваат возилата и

-Ракување и мерење со уредот.

8. Мерач на длабочината на шарките на пневматикот и

-Ракување и мерење со уредот.

9. Уред за мерење на зачаденоста на издувните гасови од возилата со дизел мотор:

-Принцип на работа на уредот и

-Ракување и мерење со уредот.

10. Уред за контрола на геометријата на управувачкиот механизам-наклон, затур и насочување:

-Принцип на работа на уредот и

-Ракување и мерење со уредот.

11. Уред за мерење на силата на кочењето на обемот на тркалата од иста оска:

-Видови на уреди и принцип на нивна работа и

-Ракување и мерење со уредот

12. Уред за мерење на силата на командата на работната и помошната кочница:

-Принцип на работа на уредот и

-Ракување и мерење со уредот

13. Рачен прибор и алат и

-Ракување и мерење со приборот и алатот.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**1458.**

Врз основа на член 20 став 1 точките 1,2 и 6 од Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2006 и 63/2007), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА ТЕЧНИТЕ ГОРИВА

Член 1

Во Правилникот за квалитет на течните горива („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2007, 91/2007, 97/2007, 105/2007, 157/2007, 15/2008, 78/2008 и 156/2008), во членот 23 ставот (2) се менува и гласи:

„Заклучно со 31 август 2009 година на домашниот пазар можат да се пуштаат моторни бензини набавени и произведени со содржина на бензен и аромати според стандардите МКС Б.Х2. 210 и МКС Б.Х2. 220, а после овој период овие горива не се дозволени на домашниот пазар, а од 1 јули 2009 година на домашниот пазар се пуштаат и моторни бензини според граничните вредности за квалитативните својства согласно член 4 од овој правилник“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Заклучно со 15 јули 2009 година на домашниот пазар може да се пушти горивото Еуродизел чија гранична вредност на количеството сулфур изнесува најмногу 50 (mg/kg), а после овој период ова гориво не е дозволено на домашниот пазар, а од 1 јули 2009 година на домашниот пазар се пушта и горивото Еуродизел БС чија гранична вредност на количество сулфур изнесува најмногу 10 (mg/kg)“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Заклучно со 31 август 2009 година на домашниот пазар може да се пушти горивото Мазут М-2 чија гранична вредност на количеството сулфур изнесува најмногу 3 % (m/m), а после овој период ова гориво не е дозволено на домашниот пазар, а од 1 јули 2009 година на домашниот пазар се пушта и горивото Мазут М-1 НС чија гранична вредност на количество сулфур изнесува најмногу 1 % (m/m), “.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-6868/1
30 јуни 2009 година
Скопје

Министер,
**Фатмир Бесими**, с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**1459.**

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 41/08 и 106/08), министерот за образование и наука донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА СУБЈЕКТИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на субјектите на технолошкиот развој.

Член 2

Регистарот се води рачно и електронски.

Член 3

Регистарот на субјектите на технолошкиот развој (во натамошниот текст: Регистарот ) се води во форма на книга со тврд повез во црвена боја, со димензии 290 мм x 420 мм, со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

Пред почетокот на водењето на Регистарот се забележува вкупниот број страници што ги содржи истиот и се заверува со печат на министерството за образование и наука (во натамошниот текст: министерството) и со потпис на овластеното лице за водење на Регистарот.

Член 4

Регистарот на корицата го содржи грбот и името на Република Македонија, а под него на средината стои натпис: „РЕГИСТАР НА СУБЈЕКТИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ“. Натписите се со црна боја. Првата страна содржи: грб и име на Република Македонија и име на Министерството за образование и наука; назив: „РЕГИСТАР НА СУБЈЕКТИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ“, реден број, датум; назив на субјектот; седиште; општина; датум на основање; статус на субјектот: правно лице, физичко лице, јавно-приватно партнерство; вид на субјектот: трговско друштво, истражувачко-развојна единица во стопанството, иновациски центар, центар за трансфер на технологија, научно-технолошки парк, центар за информациски и комуникациски технологии, здружение на граѓани за иноваторство и технички унапредувања, физичко лице; подрачје на активности за технолошки развој; број на вработени според квалификации: доктори на науки, магистри на науки, инженери од техничко-технолошките науки, други. Втората страна содржи: грб и име на Република Македонија и име на Министерството за образование и наука; назив: „РЕГИСТАР НА СУБЈЕКТИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ“, реден број, датум; материјално-технички услови на субјектот: вкупна површина м2, број на лаборатории_____ и површина м2, расположива опрема за активности за технолошки развој; настанати промени кај субјектот: промена на статусот, промена на видот; запишување и бришење во Регистарот: решение за запишување во Регистарот (број и датум), решение за бришење од Регистарот (број и датум).

Член 5

Регистарот се води и електронски во информатичката база на податоци и документи.

Податоците од Регистарот од став 1 на овој член се заштитени од неовластен пристап согласно со прописите за податоците во електронски облик и електронски потпис.

Во еден електронски запис можат да се внесат податоци само за еден субјект на технолошкиот развој.

Член 6

Промените што ќе настанат во дејноста на субјектот на технолошкиот развој, односно статусните промени, се внесуваат во Регистарот во нов електронски запис, со точно определена релациска врска на останатите електронски записи за субјектот на технолошкиот развој.

Член 7

Бришењето на субјектот на технолошкиот развој од Регистарот се врши со внесување на нов електронски запис со точно определена релациска врска со сите електронски записи за субјектот.

Член 8

Во случај на погрешно внесување на податоци во Регистарот исправката се врши со внесување на податоците на нов електронски запис, со точно определена релациска врска со електронскиот запис кој се исправа.

Член 9

Секое внесување на податоци во Регистарот е потпишано со електронски потпис од овластеното лице што го води Регистарот, кое и ги координира сите активности потребни за гаранција на веродостојност на податоците, неавторизиран пристап и промена на податоците и заштита од губење на податоците.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3588/1
22 мај 2009 година
Скопје

Министер,
**Перо Стојановски**, с.р.

**Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А**

# РЕГИСТАР НА СУБЈЕКТИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ

Корица

| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | **РЕГИСТАР НА СУБЈЕКТИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ**<br>Реден број ___________<br>Датум ________________ стр. 1 |
|---|---|

| Назив на субјектот | Седиште | Општина | Датум на основање |
|---|---|---|---|
| | | | |

| **Статус на субјектот** | **Вид на субјектот** |
|---|---|
| 1. Правно лице<br>2. Физичко лице<br>3. Јавно-приватно партнерство | 1. Трговско друштво<br>2. Истражувачко-развојна единица во стопанството<br>3. Иновациски центар<br>4. Центар за трансфер на технологија<br>5. Научно-технолошки парк<br>6. Центар за информациски и комуникациски технологии<br>7. Здружение на граѓани за иноваторство и технички унапредувања<br>8. Физичко лице |
| **Подрачје на активности за технолошки развој** | |
| **Број на вработени според квалификации**<br>1. доктори на науки ______<br>2. магистри на науки ______<br>3. инженери од техничко-технолошките науки ______<br>4. други ______ | |

| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | **РЕГИСТАР НА СУБЈЕКТИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ**<br>Реден број __________<br>Датум ______________ стр. 2 |
|---|---|

**Материјално-технички услови на субјектот**

1. вкупна површина ($м^2$) ______
2. број на лаборатории_____ и површина ($м^2$) _____
3. расположива опрема за активности за технолошки развој:

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

| **Настанати промени кај субјектот** | | | |
|---|---|---|---|
| Промена на статусот | | Промена на видот | |

| **Запишување и бришење во Регистарот** | |
|---|---|
| Решение за запишување во Регистарот (број и датум) | |
| Решение за бришење од Регистарот (број и датум) | |

**1460.**

Врз основа на член 26 став 1 од Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 41/08 и 106/08), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на користење на средствата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Член 2

Средствата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој може да се користат од страна на субјектите ако обезбедат:

- проектот/програмата (во натамошниот текст: проектот) да е развојно-истражувачки, иновациски или апликативен;
- да постои одлука на субјектот на технолошкиот развој за прифаќање на проектотот за учество на јавниот конкурс;
- проектотот да е заедничка активност на субјектот на технолошкиот развој и науката;
- истражувачкиот тим да биде раководен од доктор на науки од областа на која се однесува проектот;
- проектот да е краткорочен (да се реализира за период од 6 до 18 месеци);
- писмен документ за финансиско учество во реализацијата на проектот во износ од најмалку 50% од вредноста на проектот;
- писмен документ дека субјектот на технолошки развој не е во стечај или во ликвидација и
- писмен документ за позитивен бонитет, издаден од надлежен орган (доколку проектот се прифати за софинансирање);

Субјектот на технолошкиот развој може да се јави повторно на конкурс, за софинансирање развојно-истражувачки проект, доколку предходниот проект е успешно реализиран, позитивно оценет и јавно презентиран.

Член 3

Проектот од член 2 став 1 алинеја 1 на овој правилник треба да содржи пријава - формулар од Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) и елаборат со следните податоци:

- основни информации за субјектот на технолошки развој;
- наслов на проектот;
- содржина и образложение на истражувањата со опис на технолошката постапка или процес;
- предност на новото/предложеното решение од проектот во однос на постојното;
- оценка за степенот на иновативност на проектот;
- проценка за економска ефикасност како резултат на реализацијата на проектот;
- проценка за можни технички проблеми во тек на реализацијата на проектот;
- материјално-технички услови за реализација на проектот (простор, инфраструктура, комуникации, опрема, и сл.);
- листа на учесници во истражувањата (тим за реализација на проектот) со преглед на објавени научни трудови поврзани со проблематиката на проектното истражување за секој член од тимот;
- финансиска пресметка со спецификација на предвидените трошоци за реализација на проектот и
- време потребно за реализација на проектот.

Член 4

Субјектот на технолошкиот развој, по завршувањето на проектот доставува:

- завршен извештај (елаборат за реализација на проектот) и финасиски извештај за реализација на проектот, со посебен дел за финансиските средства доделени од Министерството;
- преглед на резултатите од проектот (во вид на нова технологија, патент, техничка/технолошка документација за индустриска мостра или модел, прототип, експериментална постројка и др) и
- податоци за натамошно користење/ефектуирање на добиените резултати.

Член 5

Во случај на негативно оценет завршен извештај (елаборат за реализација на проектотот), субјектот на технолошкиот развој ги враќа добиените средства од Министерството, најдоцна до еден месец од известувањето од Министерството за негативната оценка.

Член 6

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и начинот на користење на средствата за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/01 и 36/05).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3568/1
22 мај 2009 година
Скопје

Министер,
**Перо Стојановски**, с.р.

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1461.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006 и 35/2008) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 25.06.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ

1. За судии на Апелациониот суд во Скопје се избрани:

1. Гордана Сајковска, судија во Основен суд Скопје 1 Скопје;

2. Лидија Мартинова, судија во Основен суд Скопје 2 Скопје;

3. Анита Бошковска, судија во Основен суд Скопје 2 Скопје и

4. Сафет Кадрии, државен советник во Уставен суд на РМ.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1492/1 Судски совет
25 јуни 2009 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

---

**1462.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006 и 35/2008) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 25.06.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ШТИП

1. За судии на Апелациониот суд во Штип се избрани:

1. Зоранчо Мицевски - судија на Основен суд Кочани;

2. Стојанчо Атанасов - судија на Основен суд Свети Николе.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1493/1 Судски совет
25 јуни 2009 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

**1463.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006 и 35/2008) и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 25.06.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

1. За претседател на Основен суд Куманово е избран:

1. Сефер Мехмети, судија на Основен суд Куманово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1494/1 Судски совет
25 јуни 2009 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

---

**1464.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006 и 35/2008) и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 25.06.2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

1. За претседател на Основен суд Ресен е избрана:

1. Виолета Крстиновска, судија на Основен суд Ресен.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1495/1 Судски совет
25 јуни 2009 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

**1465.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006 и 35/2008) и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 25.06.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО

1. За претседател на Основен суд Крушево е избран:

1. Благоја Бошковски, судија на Основен суд Крушево.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1496/1
25 јуни 2009 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1466.**

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 30.06.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 28,900 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 30,227 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 26,335 |
| в) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 21,664 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 64,50 |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | до 66,00 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 50,00 |
| в) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 26,212 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 64,00 | 63,50 | 63,00 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 65,50 | 65,00 | 64,50 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 49,50 | 49,00 | 48,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,080

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,030

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 21,981
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 21,925

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 12,308

в) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ НС М - 1 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 01.07.2009 година.

Бр.02-1564/1
30 јуни 2009 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**1467.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Бардовци - Општина Карпош.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 10-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Бардовци, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-10671/2
29 јуни 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**1468.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Башино Село - Општина Велес.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Башино Село, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ" бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-10777/1
26 јуни 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**1469.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ" бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Башино Село - Општина Велес.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Башино Село, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-10778/1
26 јуни 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1470.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Долнени - Општина Долнени.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Долнени, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-10779/1
26 јуни 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**1471.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Долнени - Општина Долнени.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Долнени, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр.34/72 и 13/78).

Бр. 09-10780/1
26 јуни 2009 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1472.**

Врз основа на член 94 став 2 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на РМ, на триесет и четвртата седница на Советот, одржана на 26.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ**

I

Јавниот обвинители Димче Пажески се избира за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Прилеп, без ограничување на траење на мандатот.

II

Оваа одлука влегува во сила од 1.07.2009 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр. 2/09
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

**1473.**

Врз основа на член 40 став 2, член 42 став 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07) член 9, член 39 и член 40 став 1 и 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на триесет и четвртата седница, одржана на 26.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ**

I

За Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје, за време од 4 (четири) години е избран Касам Хасани.

II

Оваа одлука влегува во сила од 1.07.2009 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр. 3/09
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

---

**1474.**

Врз основа на член 40 став 2, член 42 став 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), член 9, член 39 и член 40 став 1 и 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на триесет и четвртата седница, одржана на 26.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БИТОЛА**

I

За Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола, за време од 4 (четири) години е избран Димче Пажески.

II

Оваа одлука влегува во сила на ден 1.07.2009 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр. 4/08
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

---

**1475.**

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), член 9, член 38 став 1 и член 39 став 1 и став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на триесет и четвртата седница, одржана на 26.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ВИШОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ**

I

За јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство во Скопје избрани се:

1. Коле Штерјев,
2. Елизабета Ристевска,
3. Азис Шакири.

II

Оваа одлука влегува во сила на ден 1.07.2009 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр. 5/09
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

---

**1476.**

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), член 9, член 38 став1 и член 39 став 1 и став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на триесет и четвртата седница, одржана на 26.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

За Јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија избрани се:

1. Јован Илиевски,
2. Лилјана Спасоска.

II

Оваа одлука влегува во сила на ден 1.07.2009 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр. 6/09
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

---

**1477.**

Врз основа на член 40 став 2 и член 95 став 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), член 9 и член 39 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на триесет и четвртата седница, одржана на 26.06.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА**

I

За јавни обвинители во Основното јавно обвинителство во Скопје се избираат:

1. Ванчо Музелов,
2. Анита Тополова Исајловска,

3. Јован Цветановски,
4. Мишо Илиевски,
5. Мартин Митревски,
6. Дреца Расим,
7. Александар Маркоски,
8. Наташа Крстевска Цалева,
9. Валентина Беслимовска,
10. Ќани Абдули.

II

За јавни обвинители во Основното јавно обвинителство во Куманово се избираат:
1. Иса Сулејмани,
2. Кристина Радеска.

III

За јавни обвинители во Основното јавно обвинителство во Гостивар се избираат:
1. Џелал Хусмани,
2. Ахмет Ахмеди,
3. Елизабета Јосифовска.

IV

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Кочани се избира:
1. Игорчо Крстов.

V

Оваа одлука влегува во сила на ден 1.07.2009 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр. 7/09
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

---

**1478.**

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), член 9, член 37 став 1 и член 39 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на триесет и четвртата седница одржана на 26.06.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

I

За јавни обвинители во Основното јавно обвинителство во Скопје се избираат:
1. Гаврил Бубевски,
2. Катерина Коларевиќ,
3. Ермон Незири,
4. Ненад Савески.

II

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Велес се избира:
1. Силвија Ивановска.

III

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Кочани се избира:
1. Стевчо Донев.

IV

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово се избира:
1. Бурим Рустеми.

V

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Радовиш се избира:
1. Јелена Колева.

VI

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Прилеп се избира:
1. Ирина Трајковска Стрезовски.

VII

Оваа одлука влегува во сила на ден 1.07.2009 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОИ бр. 8/09
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

---

**1479.**

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, врз основа на член 36 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 150/07), објавува

## О Г Л А С
## ЗА ИЗБОР НА:

1. Два (2) јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Македонија.
2. Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип.
3. Три (3) јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство во Скопје.
4. Два (2) јавни обвинители во Основното јавно обвинителство во Скопје.
5. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Гостивар.
6. Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Велес.
7. Јавен обвинител во Основово јавно обвинителство во Скопје од редот на кандидатите со завршена Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Сите кандидати за избор на јавни обвинители освен условите предвидени во член 44, 45 и 46 од Законот за Јавно обвинителство („Сл. весник на РМ" бр. 150/07) и Законот за измени и дополнување на Законот за Јавното обвинителство („Сл. весник на РМ" бр. 111/08), потребно е како посебен услов да исполнуваат:

I. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку осум години по положениот правосуден испит, со потврдени резултати во работата.

II. Кандидатите за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку пет години како јавен обвинител, со потврдени резултати во работата.

III. Кандидатите за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство во Скопје, потребно е како посебен услов да имаат работно искуство од најмалку пет години по положениот правосуден испит, со потврдени резултати во работата.

IV. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Основните јавни обвинителства во Скопје, Велес и Гостивар, објавено под број 4, 5 и 6 од огласот, како посебен услов потребно е да имаат работно искуство од најмалку три години по положениот правосуден испит со потврдени резултати во работата.

V. Кандидатите за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, објавено под број 7 од огласот, како посебен услов потребно е да имаат завршено обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, уверенијата за државјанство и лекарското уверение (двете да не се постари од шест месеци од денот на нивното издавање), доказ за работен стаж по положен правосуден испит, диплома за завршен Правен факултет и потврда за положен правосуден испит во оригинал или заверена фотокопија на нотар, да ги доставaт до Советот на јавните обвинители на Република Македонија ул. „Иво Лола Рибар" бр. 26 кат 4 во рок од 15 дена од објавата на овој оглас во „Службен весник на РМ".

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

Бр. 146-4/09
26 јуни 2009 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Елена Гошева,** с.р.

---

## ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА

**1480.**

Врз основа на чл. 172 од Законот за авторското право и сродните права („Сл.весник на РМ" бр. 47/96, 3/98, 98/02, 04/05 и 23/05), како и членот 26 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права од Скопје (во натамошниот текст: ЗАМП), Собранието на ЗАМП, на седницата одржана на 21.05.2009 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ

Член 1

Член 1 се менува и гласи:

Правилникот за распределба на авторските надоместоци (во понатамошен текст: Правилник), ги утврдува основните начела за распределба на авторските надоместоци на авторите на музички несценски дела и другите носители на авторски права кои се членови на здружението за заштита на авторски и музички права, односно кои ЗАМП ги штити врз основа на добиените овластувања, согласно Законот за авторското право и сродните права на Република Македонија.

Член 2

Член 26 став 1 точка 2 се брише.

Член 3

Член 26 став 1 точка 3 се менува и гласи:

Дава мислење до Управниот одбор за барањата на авторите од член 48 на овој Правилник.

Член 4

Член 27 став 4 се менува и гласи:

Одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Одборот.

Член 5

Член 34 се менува и гласи:

Музичкото дело (оригинално или обработка) се категоризира и определува согласно на ефективното траење на делото.

Авторот на делото е должен при пријавувањето да го назначи неговото траење.

Член 6

Член 36 став 1 од точка 6 до точка 13 се менуваат и гласат:

6. Траење (на целото дело и ставовите);

7. Изведувачки состав - изведувач;

8. Дали делото е снимено (на носачи на звук) и каде се наоѓа снимката;

9. Каде се наоѓа партитурата и материјалот на делото;

10. Референтен број (пополнува ЗАМП) и

11. Согласност на коавторите за пријава на дело (согласно член 64 став 1 од Правилникот).

Член 7

Член 40 став 3 се менува и гласи:

Останатите приходи врз оваа основа се користат и распределуваат сразмерно на нивното учевство во пресметката за сите преостанати репартициони класи, во една календарска година.

Член 8

Член 44 став 3,4 и 5 се брише.

Член 9

Член 48 се менува и гласи:

Авторот, односно носителот на авторски права има право за исплатениот авторскиот надомест, да поднесе Приговор со докази, доколку е незадоволен од извршената пресметка.

Приговорот од претходниот став се поднесува во ЗАМП, најдоцна во рок од еден месец од приемот на поединечната пресметка.

По Приговорот од став 1 на овој член, одлучува Управниот одбор, по прибирање на соодветно мислење од Стручната служба или Одборот за заштита, најдоцна во рок од еден месец.

Против одлуката на Управниот одбор, авторот, односно носителот на авторски права има право да изјави жалба до Собранието на ЗАМП, во рок од петнаесет дена од денот на доставувањето на одлуката.

Одлуката на Собранието на ЗАМП од претходниот став е конечна.

Член 10

Член 49 се брише.

Член 11

Член 50 се брише.

Член 12

ПОЕНТИРАЊЕ НА ДЕЛАТА

Член 51 се менува и гласи:

51.1 Пресметката на авторскиот надомест за едно дело се категоризира и определува врз основа на ефективното траење на изведбата, емитувањето или било каква употреба на музичкото дело.

| Траење | Коефициент |
|---|---|
| 1-5 минути | 1 |
| 6-10 минути | 2 |
| 11-15 минути | 3 |
| 16-20 минути | 4 |
| 21-25 минути | 5 |
| 26-30 минути | 6 итн. |

51.2 Секоја минута од ефективното траење на делото се множи со соодветниот коефициент.

Деловите со траење над 30 секунди се сметаат како цела минута.

51.3 Музичко дело кое е наменето за идентификување или рекламирање, за најавување или одјавување на емисија, звучна позадина на емисии, без разлика на траењето изнесува

- за првите 100 изведби коефициент 0.1 по изведба;
- за секоја понатамошна изведба коефициент 0.01.

51.4 Дела кои не се пријавени, односно за кои не постои документација, се пресметува врз основа на ефективното траење на изведбата со коефициент 0.5.

Член 13

Член 64 ст. 2 се менува гласи:

Ако не е поднесена пријава или ако од пријавата не може да се утврди учеството на секој коавтор поединечно, распределбата се извршува согласно одредбите од овој Правилник и тоа:

| КОМПОЗИТОР | АРАНЖЕР | АВТОР НА ТЕКСТ |
|---|---|---|
| 75% | | 25% |
| 50% | 50% | |
| 50% | 25% | 25% |

Член 14

Член 95 се менува и гласи:

Авторот, односно носителот на авторски права има право за исплатениот авторскиот надомест, да поднесе Приговор со докази, доколку е незадоволен од извршената пресметка.

Приговорот од претходниот став се поднесува во ЗАМП, најдоцна во рок од еден месец од приемот на поединечната пресметка.

По Приговорот од став 1 на овој член, одлучува Управниот одбор, по прибирање на соодветно мислење од Стручната служба или Одборот за заштита, најдоцна во рок од еден месец.

Против одлуката на Управниот одбор, авторот, односно носителот на авторски права има право да изјави жалба до Собранието на ЗАМП, во рок од петнаесет дена од денот на доставувањето на одлуката.

Одлуката на Собранието на ЗАМП од претходниот став е конечна.

Член 15

Член 96 се брише.

Член 16

Член 97 се брише.

Член 17

Член 102 се додава и гласи:

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци се доставува до Министерството за култура на Република Македонија за согласност.

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци, за кои е дадена согласност, ЗАМП ги објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци, влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за распределба на авторските надоместоци се применува почнувајќи со распределбата на авторските надоместоци за 2008 година што ќе биде утврдена со општата пресметка во 2009 година.

Бр. 1676-1-0201
22 мај 2009 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
**Димитрије Бужаровски,** с.р.

***ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА***

# ПРИЈАВА НА ДЕЛО

ЗАМП МАКЕДОНИЈА

Автор.................................................................................

Псевдоним.........................................................................

Адреса...............................................................................

Телефон.............................................................................

Датум.................................................................................

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УЛ. „Митрополит Т.Гологанов бр.28 ”**
**СКОПЈЕ**
тел. 312 23 01; 323 90 95

| | |
|---|---|
| 1. Наслов на делото и ставовите (година на создавањето): | 2. Автор на музиката (име и презиме): |
| 3. Автор на текстот, преведувач, кореографијата (име и презиме): | 4. Автор на аранжманот - обработката (име и презиме): |
| 5. Издавач (година кога делото е издадено): | 6. Траење (на целото дело и ставовите): |
| 7. Изведувачки состав-изведувач: | 8. Дали делото е снимено (носач на звук) и каде се наоѓа снимката: |
| 9. Каде се наоѓа партитурата и материјалот на делото: | 10. Референтен број (пополнува ЗАМП): |

11. Согласност на коавторите за пријавата на дело (согласно чл. 64 ст. 1 од Правилникот)
*Основа за распределба на авторските надоместоци за музички дела создадени во соработка на повеќе лица (коавтори), е пријавата на делото, на која мора да бидат потпишани сите коавтори и во која треба да биде точно утврдено секое поединечно учество искажано во проценти.*

Автор на музика: ________% ____________________________
(потпис)

Автор на текст: ________% ____________________________
(потпис)

Автор на аранжман: ________% ____________________________
(потпис)

____________________________
(потпис на авторот)

**1481.**

Врз основа на чл.167 став 2 и чл.168 став 6 од Законот за авторското право и сродните права („Сл. весник на РМ” бр. 47/96, 3/98. 98/02, 04/05 и 23/05), како и членот 26 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“ на Република Македонија (во натамошниот текст: ЗАМП), Собранието на ЗАМП, на седницата одржана на 9.03.2009 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**СО ТАРИФА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ СО ТАРИФА ЗА КОРИСТЕЊЕ АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ДЕЛА**

Член 1

Член 8 гласи:

Висината на надоместот, доколку користењето на делата е нужно за вршење на дејноста на корисникот на начин што дејноста на корисникот зависи од користењето на делата, како што е случај кај радиодифузното користење, се определува по правило, во процент од приходот, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 2

Тарифен број 28 став 1 гласи:

ЈП Македонска радио-телевизија, доколку со договор не е поинаку утврдено, авторски надомест плаќа месечно и тоа:

- 4% од приходите остварени врз основа на радиодифузната такса и
- 4% од вкупниот месечен приход, остварен врз основа на маркетинг-услугите на програмите на радиото и телевизијата или
- 4% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 3

Тарифен број 29 став 2 гласи:

Локалните јавни радиодифузни претпријатија, доколку со договор не е поинаку утврдено, авторски надомест плаќаат месечно и тоа:

- во висина од 4% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 4

Тарифен број 30 став 1 гласи:

За радиопрограмите емитувани на национално ниво авторски надомест плаќаат, доколку со договор не е поинаку утврдено, месечно и тоа:

- во висина од 3% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 5

Тарифен број 30 ст.2 гласи:

За телевизиските програми на национално ниво авторски надомест плаќаат, доколку со договор не е поинаку утврдено, месечно и тоа:

- во висина од 3% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 6

Тарифен број 31 став 1 гласи:

За радиопрограми емитувани на регионално ниво авторски надомест плаќаат, доколку со договор не е поинаку утврдено, месечно и тоа:

- во висина од 3,5% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 7

Тарифен број 31 став 2 гласи:

За телевизиските програми на регионално ниво авторски надомест плаќаат, доколку со договор не е поинаку утврдено, месечно и тоа:

- во висина од 3,5% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 8

Тарифен број 32 став 1 гласи:

За радиопрограмите емитувани на национално ниво авторски надомест плаќаат, доколку со договор не е поинаку утврдено, месечно и тоа:

- во висина од 4% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 9

Тарифен број 32 став 2 гласи:

За телевизиските програми на локално ниво авторски надомест плаќаат, доколку со договор не е поинаку утврдено, месечно и тоа:

- во висина од 4% од вкупниот месечен приход, односно добивката којашто корисникот ја остварува со користењето на авторското дело.

Член 10

Правилникот со Тарифа за измени и дополнување на Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела се доставува до Министерството за култура на Република Македонија за согласност. Правилникот со Тарифа за измени и дополнување на Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела, за кои е дадена согласност, ЗАМП ги објавува во „Службен весник на Република Македонија”.

Правилникот со Тарифа за измени и дополнување на Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела, влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Бр. 935-1-02
10 март 2009 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
**Димитрије Бужаровски**, с.р.




**П О Р А Ч К А БР. 81**

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието Меѓународни човекови права во ____________ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-551-24-01.**

**Порачател: ________________________________________ Место: ________________________**
**ул. ________________________________ бр. _____________, тел./факс _______________________**

**Потпис на порачателот**
**Во __________, ________2009 година. (М.П.) ____________________**

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009081